Елизабета ДИМИТРОВА

# ЦИКЛУСОТ НА БОГОРОДИЧИНИОТ АКАТИСТ ВО ЦРКВАТА СВЕТА БОГОРОДИЦА - МАТЕЈЧЕ

Како споменик од почетокот на втората половина на XIV век, со декорација започната уште пред смртта на царот Душан, ктиторот на црквата, кој на членовите од своето семејство им завештал да ја продолжат неговата ктиторска заложба и да го видат завршувањето на репрезентативната градба, црквата на манастир Матејче е репрезент на новините кои со себе ги носи уметноста од овој период. Богата во претставената иконографија, расприкажана по бројот на илустрираните сцени, раскошна во теолошката ерудиција, со аристократски вкус во сликарскиот манир, Богородичината црква во Матејче е вистински претставник на врвните четиринаесеттовековни дострели во уметноста на македонското подрачје. Израснувајќи во преградките на религиозно-уметничкиот канон со достоинството на формите и репрезентативниот карактер на стилското мајсторство, таа грижливо го чува богатството на иконографскиот израз, претворено во насликана теолошка енциклопедија, исполнета со благородна таинственост на средновековниот уметнички гениј.

Во рамките на раскошното изобилство на иконографски содржини, во црквата е илустриран и циклусот на Богородичиниот акатист со кој се прославува патронот на храмот, како еден од примерите на оваа тема илустрирана во византиските споменици од XIV век: Свети Никола Орфанос и Панагија тон Халкеон во Солун, црквата на манастир Дечани, Света Богородица Перивлепта во Охрид, Свети Петар од Преспа, Марков манастир, црквата во Козија, Пантанаса во Мистра, а во минијатурното сликарство Минхенскиот и Томиќев псалтир, Синодалниот ракопис од Москва гр. 429 и Свитокот код. 19 од



*Сл.1 - Свеша Богородица-Машејче*
V *кондак*



*Сл.2 - Свеша Богородица-Машејче*
VI *икос*



*Сл.3 - Свеша Богородица-Машејче*
VII *икос*

Мадридскиот Ескоријал.[1] Акатистот, како една од најубавите химни од богатата византиска химнографија, испеана во чест на легендарното спасување на Цариград од аварските напади 626 година, е поетски состав исполнет со благодарност и восхит за Богородица, заштитничката на градот, која, и покрај големата супериорност на непријателите ги инспирирала бранителите на метрополата да се борат под своите ѕидини. Додека патријархот Сергиј го хранел духот на граѓаните со своите проповеди, Богородичина заштита го прегрнала Цариград, а непријателските бродови потонале во својата пропаст покрај Влахернскиот брег. Градот бил спасен од неверниците.[2]

Циклусот на Богородичиниот акатист во Матејче е илустриран во втората зона од декорацијата на храмот. Тој почнува на северниот ѕид на олтарот, се движи низ просторот на апсидата и преку јужниот ѕид на олтарот, продолжува на јужниот ѕид на наосот на црквата.[3] Првата сцена, прикажана на северниот ѕид на олтарот претставува илустрација на I икос на акатистот (I строфа). Според текстот: "Ангелот претставител беше испратен од небото..."[4], кој ја слави Богородица како канал на Христовата инкарнација, утроба на боженственото овоплотување, низ која ќе бидат простени гревовите на човештвото со спасоносното создавање на Творецот, оваа сцена го прикажува моментот кога архангелот ѝ ја соопштува благовеста на Богородица. Таа стои, костимирана во син хитон и темно црвен мафорион, со фигура свртена кон архангелот, кој некогаш бил насликан на левиот дел од сцената, денес сосема уништен. Зад фигурата на Богородица се гледа претстава на градба со двосливен покрив. По своите иконографски карактеристики, оваа композиција е многу слична на единствената зачувана претстава на оваа сцена на македонската територија - илустрацијата на I икос од

---

1 А.Ξυγγοπουλοσ, Οι τοιχογραφιεσ του Αγιου Νικολαου Ορφανου Θεσσαλονικησ, Αοηναι 1964 17-18; Δ.. Ε. Ευαγγελιδησ, Η. Παναγια των Χαλκεων, Θεσσαλονικη. 1954, 63; В. Петковић, Дечани II, Београд 1941, 44-46; Ц. Грозданов, Илустрација химни Богородичиног акатиста у цркви Богородице Перивлепте у Охриду, Зборник Светозара Радојчића, Београд 1969, 39-52; Б. Кнежевић, Црква Светог Петра на Преспи, ЗЛУ 2, Нови Сад 1966, 258; Л. Мирковић - Ж. Татић, Марков манастир, Нови Сад 1925, 45 - 53; G Millet, Monuments byzantins de Mistra, Paris 1910, P1.151, 1-6; G. Babić, L'Iconographie constantinopolitane de l'Acathiste de la Vierge a Cozia (Valashie), ЗРВИ XIV/XV, Београд 1973, 173 - 189; J. Strzygowski, Die Miniaturen des Serbischen Psalters, Wien 1906, 75 - 81; М. В. Шепкина, Болгарская миниатюра XIV века, Исследование Псалтыри Томича, Москва 1963, 78 - 83, 146-189; J. Strzygowski, Die Miniaturen des Serbischen Psalters, Wien 1906, 75-81; Moskva 1963, 78 - 83, 146 - 154; В. Д. Лихачова, The Illumination of the Greek Manuscript of the Acatistos Hymn (Moskow State Historical Museum, Synodal Gr. 429) DOP XXVI, 1972, 253 - 262; T. Velmans, Une illustration inedite de L'Acathiste et l'iconographie des hummes liturgiques a Byzance, Cahiers Archeologiques XXII, Paris 1972, 131 - 165.

2 E. Wellesz, The "Akathistos" A Study in Byzantine Hymnography, DOP 9-10, Cambridge, Massachusets 1956, 144.

3 Н. Окуњев, Грађа за историју српске уметности 2. Црква свете Богородице - Матејич, ГСНД VII - VIII, Скопље 1930, 102 - 104.

4 Молитвеник, Акатист на пресвета Богородица, Охрид 1995, 226 (понатаму Акатист).

акатистот во Марковиот манастир, каде се гледа дека Богородица во левата рака држи вретено.[5]

Втората сцена од циклусот на Богородичиниот акатист во Матејче го илустрира текстот на I кондак (II строфа): "Светата, гледајќи се чиста..."[6], што се однесува на зачуденоста на Богородица од зборовите на архангелот за нејзиното безгрешно зачнување. Во оваа сцена, таа седи на престол со висок, правоаголен наслон. Десната рака ѝ е поставена на градите, а со левата го придржува својот мафорион. Во левиот дел на сцената е прикажан архангелот, свртен кон Богородица, облечен во царска туника со лорос. Десната рака му е испружена нанапред и во неа држи скиптар. Ставовите на двата лика од оваа сцена повторно покажуваат голема сличност со оние на Богородица и архангелот Гаврил од илустрацијата на I кондак во Марков манастир, каде сцената е дополнета со претставата на вазната со цвеќе, прикажана меѓу двата лика.[7]

Сцената која го илустрира текстот на II иконс од акатистот (III строфа): "Сакајќи да го разбере недостижното за разумот..."[8], кој ја воспева Богородица како спасоносна лулка во која се зачнал Месијата, како горлива надеж за избавувањето и спасението на страдалниците, ги прикажува Благовестите покрај бунарот. Во Матејче, Богородица стои во десниот дел на сцената, покрај бунарот со кружен отвор, со поглед вперен во ангелот кој слетува кон неа од небото. Неговата малечка фигура е костимирана во бела туника и со гестот на раката тој покажува кон Богородица. Зад нејзината фигура е претставен ѕид со низа од прозорци во горниот дел. Во илустрацијата на II икос во Марков манастир, Богородица полни вода од бунарот со крстовиден облик,[9] а во Дечани, каде бунарот воопшто не е насликан,[10] акцентот е ставен на Богородичиниот гест со десната рака, со кој таа ја изразува својата покорност на Божјата волја.

Илустрацијата на II кондак ( IV строфа): "Силата на Севишниот ја осени Безбрачната..."[11] на северниот ѕид од олтарот во Матејче, го прикажува безгрешното овоплотување на Христос, зачнат за спасението на сите праведници, со претставата на Богородица која седи на престолот со раце поставени на градите. Странично од нејзината фигура, двата прикажани ангела, зад нејзиниот престол држат бела ткаенина. Над

5 Л. Мирковић-Ж. Татић, op. cit., 46-47, сл. 40.
6 Акатист, 227.
7 Л. Мирковић - Ж. Татић, op. cit., 47, сл. 40.
8 Акатист, 227.
9 Л. Мирковић - Ж. Татић, op. cit., 47, сл. 41.
10 В. Петковић, op. cit., PI CCXXXIX, 2.
11 Акатист, 228.



*Сл.4 - Свеѿа Боӷородица-*
*Маѿејче*
VII *кондак*



*Сл.6 - Свеѿа Боӷородица-*
*Маѿејче*
XI *икос*



*Сл.5 - Свеѿа Боӷородица - Маѿејче*
VIII *кондак*

Богородица е претставен сегмент на небото со пет остри зрака на боженствена светлина. Примерот од Матејче покажува голема сличност со илустрацијата на оваа строфа во Перивлепта,[12] додека во Марков манастир Богородица држи вретено и преде.[13] Едната претстава на II кондак во Дечани вклучува четири ангели кои го држат превезот на небото зад Богородица, а зракот кој паѓа врз нејзината глава формира облик на ѕвезда со претстава на гулаб со нимб.[14]

Последната сцена насликана на северниот ѕид на олтарот во Матејче, лево од апсидата е илустрацијата на III икос (V строфа), кој според текстот на акатистот: "Откако го прими во својата утроба Бога..." ,[15] ја прикажува Прегратката на Марија и Елисавета. Стиховите ја воспеваат радоста на Елисавета и нејзиниот нероден плод од овоплотувањето на Создателот, избавувачот од гревовите и сејачот на бесмртноста. Пред архитектурна заднина, во чиј центар се наоѓа градба со двосливен покрив, е претставена Средбата на Марија и Елисавета, облечена во жолт хитон и маслинесто зелен мафорион. Марија ја бакнува Елисавета во левиот образ, прегрнувајќи ја со левата рака. Странично од двете жени е прикажана по една група набљудувачи, чии лица се многу оштетени, освен убавиот лик на девојката со брановидна темна коса, во крајниот десен дел на сцената. Облечена во долг фустан украсен со вез во долниот дел и кратка туника, со благост во погледот, таа гледа во двете жени кои се прегрнуваат. Сцената во Матејче по својата иконографија е слична на илустрациите на III икос во Перивлепта[16] и Марков манастир,[17] но и на зачуваните примери во останатите споменици, каде во претставата на оваа строфа не се забележува поголема иконографска разновидност.

Илустрацијата на III кондак на акатистот (VI строфа) што според текстот: "Имајќи во себе бура на помисли од сомневања, чистиот Јосиф...",[18] се однесува на Јосиф кој ги отфрла своите сомнежи за безгрешноста на Богородица, во Матејче е сместена во просторот на апсидата и го прикажува Јосифовиот прекор на Марија. Пред влезот на градбата, преку чиј покрив е префрлен црвениот велум, стојат Јосиф и Марија и разговараат со жива гестикулација. На прекорниот тон на Јосиф, облечен во син хитон и виолетов химатион, кој сомничаво ја

12 Ц. Грозданов, op. cit., 40.

13 Л. Мирковић - Ж. Татић, op.cit., 48, сл. 42.

14 В. Петковић, op. cit., 44, Pl. CCXXXIX, 2.

15 Акатист, 228.

16 Ц. Грозданов, op. cit., 41, сл. 1.

17 Ц. Грозданов, Новооткривене композиције Богородичиног акатиста у Марковом манастиру, Зограф 9, Београд 1978, сл. 1.

18 Акатист, 229.

испружил десната рака кон Богородица, таа наведнувајќи ја главата, со гест на одбрана и срамежлива покорност, ги подигнала двете раце пред себе. Сцената е симиларна на примерот прикажан во Перивлепта,[19] но и во Марков манастир, каде Марија високо ја подигнала десната рака, покажувајќи кон небото.[20]

IV икос на акатистот ( VII строфа) кој во Матејче е прикажан во апсидата, лево од прозорецот, врз основа на стиховите: "Откако пастирите ги слушнаа ангелите како го воспеваат Христовото доаѓање во тело..."[21], го претставува Раѓањето на Христос и благовеста на пастирите. Текстот на оваа строфа ја донесува песната на пастирите, кои ѝ се поклонуваат на Богродица како утроба на отелотворениот Спасител и родениот предводник и заштитник. Во централниот дел од сцената, пред триаголната рамка на пештерата, затворена во предниот план со карпести ридови, е прикажана лежечката фигура на Богородица и до неа јаслите на малиот Христос во бел повој. Во левиот долен агол на сцената, пред ридот, на еден камен седи замислениот Јосиф. Десно од него е прикажано капењето на новороденчето со претставите на две жени. Во горниот дел, над приказот на пештерата, се претставени фигурите на пет ангели. На десната страна се пастирите кои дознаваат за раѓањето на Спасителот. За разлика од Матејче, во Перивлепта пастирите се прикажани во долниот лев дел на сцената, а ликот на Јосиф е претставен во просторот над нив.[22] Во Марковиот манастир пастирите и капењето на новороденчето не се насликани, туку се вметнати ликовите на тројцата мудреци на левиот дел од сцената.[23] Капењето на новороденчето и позицијата на Јосиф во Матејче, сепак наоѓаат најблиска аналогија во илустрацијата на оваа сцена во Дечани.[24]

На апсидалниот ѕид во Матејче, десно од прозорецот, е прикажана сцената на IV кондак (VIII строфа): "Откако ја видоа богоиспратената ѕвезда, мудреците одеа по нејзините лачи....,[25] во која се гледа Доаѓањето на тројцата источни мудреци на поклонение кај Христос. Централниот дел од композицијата го зезема приказот на пештерата со претставата на Богородица во полулежечки став и глава свртена кон фигурата на младичот, кој стои десно од неа. На левата страна, покрај Богородица се јаслите со малиот Христос, а во просторот под нив е прикажан ликот на замислениот Јосиф, кој седи на тлото со наведната глава. Раката со

19 Ц. Грозданов, Илустрација химни, 42.
20 Ц. Грозданов, Новооткривене композиције, сл. 2.
21 Акатист, 229.
22 Ц. Грозданов, Илустрације химни, 41, сл. 1.
23 Ц. Грозданов, Новооткривене композиције, 38, сл. 3.
24 В. Петковић, op. cit., 45, Pl. CCXLIV.
25 Акатист, 230.

која ја придржува главата, ја потпрел на левото колено. Во левиот дел од сцената, пред заднина од карпеста планина, е претставено доаѓањето на тројцата коњаници - маги, кои гледаат во ѕвездата прикажана на небото. Во горниот дел од сцената е прикажана група ангели. Во Марков манастир јавачите покажуваат кон ѕвездата на небото, како и крилатиот ангел кој стои во горниот десен дел од сцената[26], а во Дечани крилатиот ангел, кој покажува на ѕвездата, јава пред магите.[27]

Во просторот десно од олтарната апсида во Матејче е претставен V икос на акатистот ( IX строфа): "Синовите халдејски го видоа во рацете на Дева..."[28], кој го прикажува Поклонството на магите. Поклонувајќи му се на Христос, магите ја воспеваат Богородица како мајка на спасоносниот господар и избавувачот од пороците. За жал, оваа сцена е уништена во горниот дел, но сеуште е добро видлива фигурата на Богородица која на скутот го држи малиот Христос што благословува со десната рака, облечен во жолта облека. Таа седи на дрвена клупа со правоаголен облик во десниот дел од сцената, пред една висока градба со квадратен пресек и прозорци во горниот дел. Од левата страна пристапуваат тројцата маги и ги принесуваат своите дарови во четвртести кутии со отворени капаци. Мудреците се облечени во долги туники со вез на долниот раб и наметки префрлени преку нив. Нивните глави се наведнати, но ликовите им се сосема уништени. Зад ридот во заднината, во левиот горен агол од сцената, сеуште е видлив приказот на трите коњи. За разлика од примерот во Матејче, во претставата на V икос во Марков манастир[29] и Дечани[30] е вметната фигура на ангелот до престолот на Богородица, а магите пристапуваат со затворени кутии.

На јужниот ѕид од олтарот во Матејче е прикажана сцената на V кондак ( X строфа): "Мудреците станаа богоносни проповедници, се вратија во Вавилон..."[31], со претставата на Враќањето на магите во Вавилон, кои ќе проповедаат за новородениот Бог. Тие јаваат на своите коњи еден покрај друг кон градската порта, прикажана во десниот дел од сцената. Во просторот под полукружниот лак на портата е претставена група граѓани кои излегле да ги пречекаат магите. Трите фигури претставени во првиот ред имаат долги туники прекрстени во пределот на градите и украсени со вез околу вратот, ракавите и на долниот раб. На главите носат мали бели капи со карактеристичен облик. Рацете им се подигнати во знак на добредојдица. Зад нив се гледаат ликовите на

26 Л. Мирковић - Ж. Татић, op. cit., 48, сл. 44.
27 В. Петковић, op. cit., 45 Pl. CCXLV.
28 Акатист, 230.
29 Л. Мирковић - Ж. Татић, op. cit., 48, сл. 43.
30 В. Петковић, op. cit., 45. Pl. CCXLV.
31 Акатист, 231.

останатите граѓани. Во просторот зад магите се прикажани градските ѕидини (сл. 1). Во претставата на оваа сцена во Марков манастир има обратен распоред на градската порта и магите, кои слегле од своите коњи и се прикажани заедно со слугата на десната страна од претставата.[32] Во Дечани, на десната страна од сцената се претставени две капии кон кои јаваат магите на своите коњи.[33] Во претставата на V кондак во црквата Свети Петар на Преспа, во карпест предел, магите се подготвуваат за повраток дома.[34]

VI икос на акатистот (XI строфа): "Спасителу, во Египет ја покажа светлината на вистината..."[35], кој ја опева Богородица како хранителка на верниците со нектарот на новото верување и победителка над неверничките идоли со силата на родениот Спасител, го прикажува Пристигнувањето на светото семејство во Египет. Во централниот дел од сцената Богородица јава на магаре, вртејќи ја својата глава кон Јосиф кој оди зад неа и го носи малиот Христос на десното рамо. Со нив е прикажан и Јаков во кратка црвена туника, кој во левата рака држи искривен стап, а со десната го држи вратот на магарето. Зад животното оди уште едно момче со подолга црвена туника и во секоја рака држи по еден стап. На десната страна од сцената е градската порта со толпата која го дочекува семејството. Напред, пред толпата, женската персонификација на Мисир во царска облека и со круна на главата му се поклонува на Христос. Над градските ѕидини се гледаат уште три лика, кои го набљудуваат доаѓањето на патниците. Меѓу градбите прикажани во рамките на градските ѕидини, е претставен и еден столб од кој стрмоглаво паѓа статуата на паганскиот бог (сл. 2). Во Дечани Богородица и Христос, кој се наоѓа кај Јосиф, ги подаваат рацете еден кон друг, а се прикажани и соборените идоли.[36]. Во Марков манастир сцената е дополнета со ликовите на три жени, претставите на две камили и изворот од кој се полни вода [37], а во црквата Свети Петар на Преспа Богородица јава заедно со малечкиот Христос[38]. За разлика од симиларно конципираните композиции во минијатурите, единствено во илустрацијата на оваа строфа во свитокот од Мадридскиот Ескоријал, Богородица, која зрачи со боженствена светлина, сама пристапува кон градската порта каде ја пречекуваат двајца граѓани.[39]

---

32 Л Мирковиħ - Ж. Татиħ, op. cit., 49, сл. 44.

33 В. Петковиħ, op. cit. 45, Pl. CCXLIV.

34 Б. Кнежевиħ, op. cit., 257.

35 Акатист, 232.

36 В. Петковиħ, op. cit., 45 Pl. LXXXVII; J. Lafontaine-Dosogne, Les cycles de la Vierge dans l'eglise de Dečani: Enfance, Dormition et Akathiste, Дечани и византијска уметност средином XIV века, Београд 1989, 315.

37 Л. Мирковиħ - Ж. Татиħ, op. cit., 49, сл. 45.

38 Б. Кнежевиħ, op. cit., 257.

39 T. Velmans, op. cit., 142, Фиг. 13.

Илустрацијата на VI кондак на акатистот (XII строфа), со кој завршува историскиот дел од составот на оваа химна, во Матејче е изведена на надворешниот ѕид од ѓакониконот. Според стиховите: "Кога наближуваше денот Симеон да се пресели од овој лажен век..." [40], сцената го прикажува Сретението, моментот кога Христос, донесен на обрезување кај Симеон, ја препознава својата мајка како неискажлива премудрост. Лево од престолот под цибориум прикажан во средината на сцената, стои стариот Симеон Богопримец во зелена облека, наведнат над престолот, со раце испружени напред. Зад него е пророчицата Ана која држи развиен свиток. Десно од престолот, Богородица го држи малиот Христос кој детски наивно ја пружа својата десна рака кон свештеникот, а зад Богородица стои Јосиф. Истата иконографска шема е претставена во обратен композициски распоред во Марковиот манастир[41]; во Дечани Симеон е одвоен од другите личности со престолот[42]; во Перивлепта Христос е во рацете на Симеон, наспроти него се Богородица и Јосиф, а пророчката Ана не била воопшто насликана.[43] Во Свети Петар на Преспа, Ана, од која е видлив единствено ореолот, е меѓу Симеон на левата и Богородица со Христос и Јосиф на десната страна[44], додека во Мадридскиот свиток се прикажани единствено Богородица и Симеон, кој го држи Христос.[45]

Илустрацијата на VII икос (XIII строфа), со кој почнува догматскиот дел на акатистот, во Матејче е просторно сместена на надворешниот ѕид на ѓакониконот и на јужниот ѕид на наосот на црквата. Според текстот на оваа строфа: "Кога се јави Создателот, нам на создадените од Него..." [46], стиховите ја прославуваат Богородица како безгрешна утроба, плодоносно дрво, низ кое отелотворениот и роден Творец, им се јавува на верниците. Централниот дел од сцената го зазема фигурата на Христос Емануил облечен во светол хитон и жолт химатион, кој стои на четвртест постамент и благсловува со обете раце. Неговата фигура е врамена во светло син ореол со облик на бадем. Странично од неговиот лик стојат две групи луѓе. Во десниот дел на сцената се гледаат фигурите на двајца младичи во кратки зелени туники и ликот на третиот, прикажан меѓу нив. Членовите на групата претставена лево од Христос на надворешниот ѕид на ѓакониконот се облечени во хитони и химатиони. Веднаш лево до Христос се гледа уште една фигура во иста облека, но

40 Акатист, 232.
41 Л. Мирковић - Ж. Татић, op. cit., 49 сл. 45.
42 В. Петковић op. cit. 45, Pl.CCXLVI.
43 Ц. Грозданов, Илустрација химни, 42.
44 Б. Кнежевић, op. cit., 257.
45 T. Velmans, op. cit., 142, Fig. 14.
46 Акатист, 233.

нејзиниот лик е прилично оштетен (сл. 3). Во илустрацијата на оваа строфа од акатистот, кога ја прикажува Христовата појава, инкарнацијата на Логосот, Христос Емануил кој седи, се јавува меѓу верниците во Дечани.[47] Во Перивлепта и Марков манастир, како и во Панагија тон Халкеон е претставен Христос женик.[48] Во минијатурите, меѓу верниците е прикажана Богородица со малиот Хритос[49]; единствено во Перивлепта во оваа претстава Христос е прикажан меѓу светители.[50]

Сцената на VII кондак ( XIV строфа): "Откако го видовме чудното раѓање, да се оддалечиме од овој свет..."[51], кој зборува за желбата на верниците да бидат со Христос Богот од небесата и човекот на земјата, е претставена на јужниот ѕид од наосот во Матејче. Во горниот дел е прикажана икона со допојасна претстава на Богородица, која на левата рака го држи малиот Христос и е свртена со ликот кон него. Горниот раб на иконата е покриен со бела ткаенина. Иста таква ткаенина со украсен пораб е претставена и под иконата, која е поставена на висок, украсен постамент. Во левиот дел на сцената е прикажана група калуѓери, чиј предводник, претставен како и останатите со долга бела брада, ги подигнал рацете кон иконата. Во десниот дел од сцената, кој е прилично оштетен, се гледа групата пеачи во долги облеки и со високи тророги шапки на главите. Зад нив е претставена градба со облик на цибориум на четири столба. (сл. 4) За разлика од Матејче, во илустрацијата на VII кондак во Перивлепта[52], Марков манастир[53] и во Пантанаса[54] е насликана претставата на Богородица со Христос на престол, а во Дечани [55] и Свети Никола Орфанос[56] свештениците му се поклонуваат на Христос Емануил. Во црквата во Козија, меѓу свештениците е прикажана претстава на Богородица Никопеја.[57]

На јужниот зид од наосот во Матејче е прикажана и сцената на VIII икос ( XV строфа), чиј пигмент прилично настрадал. Во стиховите: "Неискажливото Слово потполно беше на земјата..."[58], и се пее на Богородица која во себе го примила и го отелотворила неопфатливиот

47 В. Петковић, op. cit., 45, Pl. CCLXXV, 2.

48 Ц. Грозданов, Илустрација химни, 42; Л. Мирковић - Ж. Татић, op. cit., 49, сл. 46; Δ.'Ε. Ευαγγελιδησ оп. цит. πιν. 30.

49 J. Srtzygowski, op. cit., 79, 131, fig. 136; В.М. Щепкина, op, cit., 80 T.LVIII; T. Velmans, op. cit., 143, fig. 15.

50 Ц. Грозданов, Охридското ѕидно сликарство од XIV век, Охрид 1980, 126, сл. 31 .

51 Акатист, 234.

52 Ц. Грозданов, Илустрација химни, 43.

53 Л. Мирковић - Ж. Татић, op. cit., 49, сл. 46.

54 G. Millet, op. cit., T. 151.

55 В. Петковић, op. cit., 45, Pl.CCLXXV.

56 Α. Ξυγγοπουλου, op. cit., πιν. 101.

57 G. Babić, op. cit., 176, fig. 7.

58 Акатист, 234.

Бог што седи на херувимите и серафимите; таа се прославува како клуч на Христовото небесно Царство. Во центарот на претставата сеуште е видлив ликот на Христос кој седи на престол во вид на правоаголна клупа, како што може да се заклучи од неговиот зачуван десен дел. Во левиот дел на сцената, пред претставата на ѕидот, кон престолот чекорат група луѓе во хитони и химатиони, во нивните фигури и ликови се многу оштетени. Групата прикажана десно од Христовиот престол ја сочинуваат фигури во царски облеки со манијаци и лороси и високи бели куполасти капи на главите. Во горниот дел на сцената, на фон од сино небо, лево од прикажаниот Христов лик, се гледа фигурата на летечкиот ангел во бела облека, кој со својот, денес веќе невидлив, пандан на десната страна, го држи ореолот со ликот на Христос во попрсје. Во оваа претстава, во која се слави небескиот и земниот Христос, попрсјето на небесниот Христос во ореол меѓу два серафима е претставено во Марков манастир.[59] Во Дечани небескиот Христос претставен во светлосен круг го придружуваат два серафима[60], а во Перивлепта Христос стои на виножито од боженствена светлина меѓу два ангела кои му се поклонуваат.[61] Група апостоли, како во Матејче е претставена покрај земниот Христос во Перивлепта и Дечани, а во Марков манастир кон него пристапуваат групи архиереи.

Претставата на VIII кондак ( XVI строфа): "Сите ангели се зачудија од великото дело на Твоето овоплотување..."[62], на јужниот ѕид од наосот на Матејче, се однесува на восхитувањето на ангелите за Христовото отелотворување. Во централниот дел на сцената, во светло син ореол со бадемаст облик е прикажана стоечка фигура на Богородица, поставена на низок квадратен постамент. На својата лева рака таа го држи малиот Христос, гледајќи во него. Во левиот дел од сцената се фигурите на двајцата ангели во царски облеки, од кои, во рацете на едниот е видлива сфера. Зад нив се гледаат ореолите на уште двајца архангели, а лево од Богородица е прикажана фигура на херувим. Во заднината се гледа црвениот велум, распнат меѓу две градби (сл. 5). Во оваа претстава, во која ангелските сили го изразуваат својот восхит од Христовото овоплотување, во Свети Никола Орфанос[63] и Дечани[64], како и во Матејче, ангелите се поклонуваат на Богородица со Христос. Во Перивлепта[65] и Марков манастир [66] ангелите му се поклонуваат на седечкиот Христос, додека во Минхенскиот и Томиќевиот псалтир[67]

59 Л. Мирковић - Ж. Татић, op. cit., 50, сл. 47.
60 В. Петковић, op. cit., 45, Pl. CCXLVII, 2.
61 Ц. Грозданов, Илустрације химни, 43; ibid, Охридското ѕидно сликарство, 127, сл. 31.
62 Акатист, 235.
63 A. Ξυγγοπουλοσ, op. cit., 53, πιν. 104.
64 В. Петковиќ, op. cit. 45, Pl. CCLXXV, 2.
65 Ц. Грозданов, Илустрација химни, 44.
66 Л. Мирковић - . Татић, op. cit., 50, 48
67 J. Strzygowski, op. cit., 80, fig. 139; М. В. Щепкина, op. cit., 81, T.LIX

ангелите се поклонуваат на штотуку родениот Спасител. Во Мадридскиот свиток[68] шест ангели и еден херувим се претставени околу стоечкиот Христос, кој зрачи со боженствена светлина.

Претставата на IX икос (XVII строфа): "Красноречивите беседници ги гледаме како безгласни риби..."[69], со кој почнува пофалниот дел на акатистот, во Матејче е многу оштетена. Во илустрацијата на оваа строфа што ја слави Богородица како живеалиште на новата мудрост од која онемуваат незнабожните мудреци и беседници, единствено во горниот дел се распознава приказот на иконата со ликовите на Богородица и малиот Христос. Изгледа, иконата била претставена на висок постамент, околу кој биле групирани фигурите, кои за жал, не се повеќе препознатливи поради тешкото оштетување на фреската. Во оваа претстава, која според текстот за акатистот го илустрира чудењето на паганските ретори за безгрешното зачнување на Богородица, во Перивлепта реторите се околу престолот на Богородица со Христос[70], а во Марков манастир[71] и Дечани[72] Богородица стои и го држи малиот Христос кој благословува, пред себе. Во Марков манастир и Козија малиот Христос е претставен во попрсје пред градите на Богородица.[73]

Уништувањето кое го зафатило појасот на јужниот ѕид од црквата во Матејче ја оштетило и претставата на IX кондак (XVIII строфа): "Создателот на сè, сакајќи да го спаси светот..."[74], како илустрација на доаѓањето на Христос, отелотворениот Бог и Спасител. Зачуван е единствено оштетениот лик на Христос, чија фигура е скоро сосема уништена. Облиците прикажани во горниот дел од сцената се тешко оштетени, а долниот дел од композицијата е наполно уништен. Илустрацијата на оваа сцена во Перивлепта го прикажува Христос во движење, придружен од ангели[75], во Дечани е придружен со две групи верници кои клечат и ги подаваат рацете кон него.[76] Во Марков манастир Христос ги отворил вратите на пеколот и ги избавува праведниците[77], а во црквата во Козија тој ги благословува достоинствениците.[78]

Сцената на X икос (XIX строфа), во која според стиховите: "Богородице Дево, Ти си закрила за девиците..."[79], се воспева Богородица

68 T. Velmans, op. cit., 145, фиг. 18
69 Акатист, 235
70 Ц. Грозданов, Илустрација химни, 44, ibid. Охридско ѕидно сликарство, 127, сл. 31
71 Л. Мирковић - Ж. Татић, op. cit., 50. сл. 49
72 В. Петковић, op. cit., 45, Pl. CCXLVII, 1
73 G. Babić, op. cit.. 177, фиг. 2
74 Акатист, 236
75 Ц. Грозданов, Илустрација химни, 45; ibid Охридското ѕидно сликарство 128, сл. 31
76 В. Петковић, op. cit., 45, pl, CCXCVII
77 Л. Мирковић - Ж. Татић, op. cit., 50, сл. 50
78 G. Babić, op. cit., 77, фиг. 7
79 Акатист, 236

како заштитничка на девојките и дом на безгрешното, девствено невестинство, во Матејче ја содржи во горниот дел претставата на иконата на Богородица со малиот Христос на левата рака. Иконата е поставена врз висок постамент, покриен со бела ткаенина. Десно од неа се гледа претставената градба со квадратен облик. Во десниот дел е сеуште видлива црвената облека на ликот кој припаѓал на десната група присутни фигури. Делот од сцената каде била претставена левата група е наполно уништен. За разлика од претставата на иконата на Богородица Одигитрија во Матејче, во зачуваните претстави на X икос во Марков манастир[80] и Дечани[81] во центарот на сцената е прикажана стоечка Богородица со Христос меѓу поклониците; во црквата во Козија е насликана Богородица Оранта[82], а во примерите од минијатурното сликарство претставата на Богородица на престол.[83]

Сцената која го илустрира X кондак од акатистот (XX строфа): "Бесилна е секоја песна што сака да ги опфати сите Твои добрини..."[84], која го искажува восхитот за Христовите доблести и дела, во Матејче е исто така уништена во горниот дел. Од она што е зачувано, се гледа дека во централниот дел на композицијата бил насликан престол на кој седи Богородица, држејќи го малиот Христос на левата рака. Од неговата фигура е видлив единствено долниот дел со жолтата облека и едната стапалка. Десно од централната претстава се гледаат долните половини од две фигури во долги туники и наметки, кои пристапуваат кон престолот. Од левата страна, со темпераментен чекор, приоѓа една фигура во маслинасто зелен хитон и црвена наметка. Во сцената на X кондак во Дечани[85] е претставена икона на Богородица со Христос меѓу свештеници и пеачи, а во Козија Богородица е опкружена со благородници и пеачи.[86] Во Перивлепта[87] и Марков манастир[88] на престолот во централниот дел седи Христос придружен со апостоли, односно ангели и архиереи.

Наспроти низот на илустрираните сцени од акатистот на јужниот ѕид од наосот на Матејче, претставата на XI икос (XXI строфа) која ја воспева Богородица како светилка на боженственото познание, избавителка на грешните од темнината на незнабожната непросветла, е претставена во втората зона на јужната страна од југозападниот столб

80 Л. Мирковић - Ж. Татић, op. cit., 51, сл. 51
81 В. Петковиќ, op. cit., 46
82 G. Babić, op. cit., 177
83 T. Velmans, op. cit., Фиг. 21
84 Акатист, 237
85 В. Петковић, op. cit., 46
86 G. Babić, op. cit., 178, Фиг. 3
87 Ц. Грозданов, Илустрација химни, 45; ibid, Охридското ѕидно сликарство, 128
88 Ц. Грозданов, Новооткривене композиције, 39, сл. 4

во црквата. Според стиховите: "Света Дева ја гледаме како запалена свеќа..." [89], на квадратен постамент е прикажана фигурата на Богородица Оранта, претставена пред црвената заднина на пештерата, врамена со карпести планини. Над нејзината глава е поставена свеќа која гори. Од двете страни кон Богородица приоѓаат две групи поклоници. Оние од левата група се претставени во хитони и химатиони, а оние во десната, во долги туники. Наспроти натписите што ги следат останатите сцени на акатистот во Матејче, кои се сосема уништени или едвај видливи, во горниот дел на оваа претстава се чита: **ѾЕѢТОПРНІЄМНОУ ѾЕѢЩОУЕЬТМѢЄОУЩІМ(Ь) ЯЕШОУЄЄ** (сл. 6). Во сцената на XI икос во Марков манастир [90] и во Дечани [91] Богородица во рацете го држи малиот Христос, а над нејзината глава гори запалена свеќа. Во Перивлепта [92] свеќата не е насликана, туку целата фигура на Богородица, која го држи Христос, е претставена во рамките на пламенот, таа самата претставува запалена свеќа, слично на претставата во Мадридскиот свиток, каде Богородица е во ореол од светлина. [93] Во илустрацијата на оваа строфа во Козија Богородица држи во рацете голема запалена свеќа. [94]

Претставата на XI кондак (XXII строфа): "Оној што ги простува долговите на сите луѓе..." [95], во Матејче е насликана наспроти последната, на јужниот ѕид, каде продолжува илустрацијата на акатистот. Во центарот на сцената стои Христос во жолт хитон и темно син химатион. Завртен е на десно, со исчекорена нога и, сакајќи да ги прости сите човечки долгови, според содржината на стиховите, со рацете го кине развиениот свиток на гревовите. Неговиот лик е свртен кон групата луѓе во хитони и химатиони, претставени во десниот дел од композицијата. Столбовите, кои од десно и од лево ја врамуваат прикажаната архитектура, се поврзани со црвениот велум. Во Марков манастир [96], странично од Христос, кој го кине Адамовиот хирограф, се прикажани старозаветни личности и апостоли, а во Перивлепта ликовите се без нимбови и претставени во проскинеза. [97]

Како илустрација на XII икос од акатистот (XXIII строфа): "Богородице, го воспеваме Твоето раѓање..." [98], во кој Богородица се

---

89 Акатист, 237
90 Ц. Грозданов, Новооткривене композиције, 39, сл. 5
91 В. Петковић, op. cit., 46
92 Ц. Грозданов, Илустрације химни, 47
93 T. Velmans, op. cit., 148, фиг. 23
94 G. Babić, op. cit., 178, фиг. 3
95 Акатист, 238
96 Ц. Грозданов, Новооткривене композиције, 40, сл. 6
97 Ц. Грозданов, Илустрација химни, 47
98 Акатист, 239

прославува како духовен храм, ризница на животот и столб на Христовата Црква, во Матејче Богородица стои на низок четвртест постамент, свртена кон десно. Во левата рака го држи малиот Христос кој благословува. Тој е завртен кон групата епископи претставени пред цибориумот. Еден од нив држи затворено евангелие, а двајца имаат високи бели куполасти капи на главите. Во заднината, над Богородица, се гледа трикорабна базилика, а зад неа стои архангел облечен во долга далматика. Во Перивлепта[99], Дечани[100] и примерите на минијатурното сликарство[101] Богородица со Христос е претставена на престол, а во Марков манастир е прикажана икона на Богородица Елуса покрај која стои царската свита на чело со Ираклиј.[102] Во црквата во Козија е изведена слична претстава со икона на Богородица Одигитрија.[103]

Последната сцена со која циклусот на Богородичиниот акатист завршува во Матејче е претставата на XII кондак ( XXIV строфа): "О, многувоспевана Мајко..." [104], кој ја искажува молитвата за избавување и спас на верниците до Богородица, родителка на најсветото Слово меѓу сите светии. Во централниот дел е иконата со претстава на Богородица, која на левата рака го држи разиграниот Христос. Горниот раб на иконата е покриен со бела драперија, а на долниот раб е прикачена декорирана ткаенина. Под долниот раб на ткаенината се гледаат дрвените ногарки на постаментот кои се опремени со подвижни тркала. Лево од иконата се претставени двајца калуѓери, едниот во сина, другиот во црвена облека со свеќа и кадилница во рацете. Во десниот дел од сцената е претставен еден епископ со кандило на долг ланец. Зад него се гледа еден лик и две фигури на пеачи во долга облека, со високи тророги шапки на главите. Во заднината, од двете страни на иконата се претставени две градби со високо издигнати централни делови, поврзани со црвен велум. За разлика од останатите примери на претставата на XII кондак со приказ на иконата на богородица Одигитрија, единствено во Перивлепта[105] е прикажана претстава на Богородица Оранта, а во Козија Богородица Никопеја во мандорла.[106] Во Марков манастир илустрацијата на XII кондак прикажува сцена на литургиска глорификација на иконата на Богородица Одигитрија[107]; Во Дечани во литургиската процесија е прикажано и царското семејство на Душан.[108]

99 Ц. Грозданов, Илустрација химни, 48

100 В. Петковић, op. cit., 46, pl. CCXLVIII, 1

101 J. Strzygowski, op. cit., 83, fig. 146; М. Б. Щепкина, op. cit., 82, t. LXIII

102 A. Grabar, L'Hodigitria et l'Eleousa, ЗЛУ 10, Нови Сад 1974, фиг. 1

103 G. Babić, op. cit., 183, фиг 6

104 Акатист, 239

105 Ц. Грозданов, Илустрација химни, 48; ibid., Охридското ѕидно сликарство, 128

106 G. Babić, op. cit., 179, фиг. 4

107 A. Grabar, op. cit., 6, фиг. 2

108 В. Петковић, op. cit., 46; J. Lafontaine - Dosogne, op. cit., 316, фиг. 7

Илустрацијата на првите 12 строфи од циклусот на Богородичиниот акатист во Матејче, како ликовен израз на идејата за Христовата инкарнација низ Богородица, заклучно со претставата на VI кондак со кој завршува историскиот дел на насликаната химна значително не отстапува од вообичаените иконографски модели, применети во ликовното прикажување на овој текст во останатите четиринаесеттовековни споменици. Творечката инвенција во конструирањето на иконографските предлошки е видлива во рамките на догматскиот дел (XIII - XVI строфа), во кој иконографската концепција на сцените блика од теолошката срж на стиховите од акатистот. Ова е особено забележливо во илустрацијата на VII икос, каде за разлика од зачуваните примери во Солунската Панагија тон Халкеон, Перивлепта и Марков манастир (со претстава на Христос Творец според почетните стихови на строфата), во Матејче е избрана претставата на Христос Емануил за да го прикаже инкарнираниот Логос од стиховите, во кои се воспева Христовото овоплотување низ Богородица. Во сликата на VIII кондак, прославувањето на многупочитуваната родителка, повторно нашло најсоодветен израз во претставата на Богородица со Христос меѓу ангели, за разлика од хронолошки помладите споменици во кои е прикажан само овоплотениот Спасител, без Богородица. Култот кон Богородица како канал на Христовата инкарнација, добил многу конкретен ликовен облик во прикажувањето на VII кондак со претставата на иконата на Богородица Одигитрија, наспроти различните иконографски типови на Богородица и Христос во илустрациите на оваа строфа во останатите византиски споменици. Теолошко-ликовниот одраз на овој мошне развиен култ во претставувањето на Богородичиниот акатист во Матејче се сретнува и во пофалниот дел, во илустрацијата на IX и X икос, додека за прикажувањето на X кондак, од иконографските варијанти чија конструкција треба да го одрази поетскиот восхит за родениот Спасител, Матеичкиот сликар, напуштајќи го споменатиот модел, ја избрал свечената претстава на Богородица со Христос на престол. За разлика од теолошки суптилната претстава на XI икос во Перивлепта, мајсторот од Богородичината црква во Матејче нуди ликовно поекспресивен модел, сликајќи ја Богородица Оранта како симбол на духовниот оган, зракот на вечното Сонце кому му се восхитуваат верните во стиховите на оваа строфа. Во илустрацијата на XII икос од акатистот во Матејче е избрана постарата иконографска варијанта на Богородица со Христос, наспроти примерите на појава на литургиското прославување на Богородичината икона во хронолошки помладите споменици од византискиот свет. Претставата на иконата со ликот на Богородица Одигитрија во

илустрацијата на последната строфа (XII кондак) од акатистот во Матејче е исто така избрана како насоодветна ликовна форма за молитвениот поетски состав кој ѝ се обраќа на Богородица.

Врз основа на веќе искажаното мислење на посебната иконографска конструкција на секој илустриран циклус на Богородичиниот акатист[109], и поаѓајќи од суптилната теолошка длабочина и поетскиот рафинман на стиховите на химната, се чини дека и безимениот фрескописец од Матејче успеал да ја украси со талентот на своите сликарски визии илустрацијата на оваа прекрасна Богородичина восхвална песна. Богословската ученост и ликовното мајсторство се здружиле во неговата изведба и достоинството и простум* ја слават Богородица во нејзиниот насликан акатист.

109 J. Myslivec, Ikonografie Akathistu panny Marie, Seminarium Kondakovianum V. Praha 1932, 130

* Ακαθισιος: стоејќи. простум

Elizabeta DIMITROVA

## THE AKATHISTOS CYCLE IN THE CHURCH OF THE HOLY VIRGIN AT MATEJČE

The Akathistos cycle, as one of the most beautiful hymns sung in honor of Virgin and illustrated in the 14th century fresco painting, is depicted in the church of the Holy Virgin in Matejče on the walls of the bema and on the southem wall of the naos. The illustration of the first 12 stances, from I ikos to VI kondakion, that belong to the histoiic part of the hymn, does not differ significantly from the common iconographic patterns used in the depiction of this part of the Akathistos hymn in other 14th century monuments.

In the illustration of the dogmatic part (VII ikos to VIII kondakion) one can notice the considerate artistic transfer of the verses of the hymn. This is particularly perceivable in the depiction of the VII ikos with the image of Christ Emannuel, in the illustration of the VIII kondakion, which differs from the other preserved representations of this scene by the depiction of Virgin with Christ, and especially in the illustration of the VII kondakion with the depiction of the icon of Virgin Hodegetria.

In the laudatory part of the Akathistos (IX ikos to XII kondakion), we distinguish: the specific depictions of the icon of Virgin Hodegetria in the illustrations of the IX ikos and X kondakion, and the expressive Virgin Orante from the depiction of the XI ikos. Differetly from the depiction of the iconographic type of Virgin with Child as a central motif of the representation of the XII ikos, the depiction of the icon of Virgin Hodegetria as an illustration of the XII kondakion is chosen as the most apporpriate artistic form of the verses of this hymn, sung in the honor of Virgin. The creative depth and theological erudition of the fresco painter of the 24 depicted compositions, created a representative example of the il ustrated Akathistos on the walls of the church in Matejče.